M0106397-03 (mk)
јуни 2023
(Преведено: октомври 2023)

# Прирачник за Ракување и Одржување

## SR115, SR118, SR121, SR318 , SR321 , SR418 и SR421 Дувачи за снег

FA5 1-UP (SR115)
SYB 1-UP (SR118)
FYB 1-UP (SR121)
J3B 1-UP (SR318)
KZB 1-UP (SR321)
GN8 1-UP (SR418)
K4S 1-UP (SR421)

**Јазик: оригинални инструкции**

**Скенирајте за да најдете и купите оригинални резервни делови Cat® и поврзани информации за сервисирање.**

i07990918

# Важни информации за безбедноста

Повеќето несреќи што се случуваат при работа, одржување и поправки, се предизвикани од непочитување на основните правила и мерки за безбедност. Несреќите често може да се избегнат со препознавање на потенцијално опасните ситуации пред тие да се случат. Мора да се внимава на потенцијалните опасности, вклучително и на човечкиот фактор, што можат да влијаат врз безбедноста. Операторите треба да имаат неопходна обука, вештина и алати за соодветно извршување на работата.

**Несоодветното ракување, подмачкување, одржување или поправање на производот може да биде опасно и да заврши со повреда или смрт.**

**Не ракувајте со производот и не подмачкувајте го, одржувајте го и поправајте го додека не се уверите дека сте овластени за таа работа и дека сте ги прочитале и разбрале информациите за ракување, подмачкување, одржување и поправање.**

Мерките за претпазливост и предупредувањата се наведени во прирачникот и на производот. Ако предупредувањата за опасност не се почитуваат, може да дојде до нечија телесна повреда или смрт.

Опасностите се определени со „симбол за безбедносно предупредување“ проследен со „сигнален збор“ како што се „ОПАСНОСТ“, „ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ“ или „ВНИМАНИЕ“. Етикетата со безбедносната ознака „ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ“ е прикажана подолу.

**⚠ WARNING**

Значењето на овој симбол за внимавање на безбедноста е следното:

**Внимание! Внимавајте! Се работи за вашата безбедност.**

Пораката што се појавува под предупредувањето ја објаснува опасноста и може да биде со зборови или со слика.

Листата на некои операции што можат да предизвикаат оштетување на производот се означени со “НАПОМЕНА” на производот и во брошурава.

**Caterpillar не може да ја предвиди секоја можна ситуација која што може да доведе до потенцијална опасност. Според тоа, предупредувањата во брошурава и на производот не вклучуваат се`. Не смеете да го користите производот на начин различен од препорачаниот во прирачников ако претходно не сте ги зеле предвид сите безбедносни правила и мерки на претпазливост што важат за ракувањето со производот на местото на употреба, вклучително специфични правила на самото место и предострожности што важат за местото на работа. Ако се употребува алатка, процедура, начин на работа или техника што не е препорачана од Caterpillar, треба да бидете сигурни дека таа е безбедна за вас и за другите. Треба да проверите дали сте овластени да ја вршите таа работа и дека производот нема да се оштети или да стане небезбеден со тоа ракување, подмачкување, одржување или поправање кое што мислите да го извршите.**

Информациите, спецификациите и илустрациите во оваа публикација се врз основа на информациите кои биле на располагање во времето кога е напишана. Спецификациите, вртежните моменти, притисоците, мерењата, прилагодувањата, илустрациите и другите работи можат да се сменат во секое време. Тие промени можат да влијаат врз сервисирањето на производот. Пред да почнете која било работа, обезбедете целосни и најнови информации. Продавачите на Cat ги имаат најновите достапни информации.

---

ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Кога се потребни резервни делови за овој производ, Caterpillar препорачува употреба на резервни делови на Caterpillar®.**

**Други делови можеби не исполнуваат определени спецификации на оригиналната опрема.**

**Кога се монтираат резервни делови, сопственикот/корисникот на машината треба да се увери дека машината останува усогласена со сите применливи барања.**

---

**Во САД, одржувањето, замената и поправките на уредите за контрола на издувните гасови и системи може да ги врши секоја работилница или лице што ќе ги избере сопственикот.**

# Содржина

Предговор........................................................ 4

## Дел за безбедност

Безбедносни пораки ...................................... 5

Општи информации за опасност ................... 8

Заштита од згмечување и сечење ................11

Заштита од изгореници ................................ 12

Заштита од пожар и експлозии .................... 12

Пред работење ............................................. 14

Ракување ...................................................... 14

Информации за бучава и вибрации............. 16

## Дел за информации за производот

Општи информации ..................................... 18

Информации за идентификација на производот .................................................. 26

## Дел за ракување

Работа........................................................... 32

Информации за транспортирање ................ 53

## Дел за одржување

Поддршка за одржување .............................. 55

Распоред на интервали за одржување ....... 56

## Дел за информации за дополнителна литература

Дополнителна литература............................ 62

## Дел за Индекс

Индекс ........................................................... 63